Асоцијација на спортски обложувалници на Македонија
АСОМ-Скопје
mail: contact@asom.org.mk

**До:** Министерство за труд и социјална политика

**ПРЕДМЕТ:** Мислење по Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за работни односи, објавен на ЕНЕР на ден 12.04.2021

**За АСОМ**

Асоцијација на спортски обложувалници на Македонија (АСОМ) е здружение на приредувачи на игри на среќа во обложувалница основано во 2013 година. Во него членуваат петте најголеми приредувачи на игри на среќа и тоа: Спорт Лаиф, Моцарт, Златна Копачка, Евротип и Марбет кои претставуваат 93% од сите легални и лиценцирани приредувачи на игри на среќа во обложувалници во Република Северна Македонија и истите вработуваат повеќе од 3.500 луѓе. АСОМ претставува застапник на интересите на оваа индустрија во соработката со други лица и засегнати страни. Асоцијацијата ги обединува законадавството, институциите, играчите и поддржувачите, индустријата на игрите на среќа во обложувалница и заедницата во целост, а во насока на развивање и промовирање и примена на најсовремените светски стандарди во игрите на среќа и развивање поодговорен пристап кон игрите на среќа во обложувалница во Република Северна Македонија .

**Образложение: Зошто спортските обложувалници треба да бидат изземени од измените на Законот**

Во врска со измените на Законот за работни односи кои предвидуваат денот недела да биде неработен ден, а ќе се утврдат и измени на неколку други закони под кои спаѓаат дејностите за кои ќе се регулира работењето во недела, Асоцијацијата на спортски обложувалници на Македонија посочува дека доколку овие измени ги опфатат и спортските обложувалници, тоа директно ќе го загрози работниот процес на целата стопанска гранка и ќе предизвика негативни социјални и економски последици.

Имено, работата на спортските обложувалници директно зависи од понудата на спортски натпревари. Најголем дел од спортските натпревари се играат за време на викендите, односно во недела.

Воведувањето на денот недела како неработен ден значително ќе го ограничи и драстично ќе го намали пласманот за играчите во спортските обложувалници. Притоа играчите, спортските обложувалници ги посетуваат во слободно време, а не додека се работа.

Земајќи во предвид дека околу 70% од прометот се реализира во недела, одлуката недела да биде неработен ден и за спортските обложувалници, директно ќе го загрози деловното работење. Одлуката ќе влијае врз прометот и ќе доведе до драстично намалување на приходите, со што се доведува во прашање опстанокот на целата стопанска гранка.

Дополнително, еден голем дел од вработените во спортските обложувалници би можеле да ја загубат работата, бидејќи покривањето на еден дополнителен ден од неделата (недела) значи поголем број на вработени, кои конкретно се една третина од сите вработени во спортските обложувалници. Сите вработени во спортските обложувалници работат 40 часа неделно, а доколку работат во недела, истиот им се компензира со друг слободен ден во текот на работната недела.

Потенцираме дека член 83 од Законот за игрите на среќа и забавните игри кој ја регулира работата на спортските обложувалници го предвидува следното: „Обложувалницата може да утврди работно време од 24 часа на ден, секој ден, независно од тоа дали со закон или со друг пропис е одреден државен или верски празник или друг неработен ден".

Согласно ова, измените на Законот за работни односи со кои денот недела се предвидува да биде неработен ден не би можеле/требало да ги опфатат спортските обложувалници. Воедно, ниту во светската пракса не постојат примери каде игрите на среќа имааат ограничување на работното време или работни денови во неделата, што во најголема мера го детерминира спецификата на понудата и побарувачката.

**<u>За економските параметри од работењето на целокупната индустрија на игри на среќа</u>**

Со своето работење индустријата на игри на среќа придонесува со една четвртина милијарди евра во буџетот на државата. На годишно ниво, во државниот и локалните буџети од индустријата на игри на среќа се слеваат повеќе од 250 милиони евра, по основ на директни приходи и индиректните приходи од ДДВ, локални такси, придонеси и даноци за плати, закуп на деловен простор. За плати за своите вработени, компаниите приредувачи на игри на среќа издвојуваат над 30 милиони евра.

Сите директно вработени во целата индустрија на игрите на среќа, кои ги има повеќе од 8.000, одржуваат уште седум работни места во други стопански гранки, односно индустријата на игри на среќа поддржува над 54.000 работни места. Индустријата воглавно вработува студенти и дипломци кои претставуваат околку 15 % од вкупниот број на вработени, а расте и трендот на вработување на млади информатичари, математичари, програмери и електроинженери, за кои компаниите кои работат во оваа гранка континуирано имаат отворено огласи за работа.

Со своето работење, компаниите во индустријата на игри на среќа поддржуваат голем број други компании, своите добавувачи, кои вработуваат, остваруваат приходи, плаќаат даноци. На тој начин ја стимулираат работата и на други стопански дејности кои се протегаат низ целокупниот синџир на вредности и со тоа директно и позитивно влијаат врз домашна економија.

Скопје 19.04.2021

АСОМ – Скопје

-----------------------------------------------